Врз основа на член 110 став 1 точка 13 од Законот за високото образование („Сл. Весник на РМ“ бр. 82/2018), член 58 став 1 точка 13 од Статутот на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје (Универзитетски гласник бр.454) и член 11 од Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски) и втор циклус студии (после дипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр.417), Глава III точка 4 од Конкурсот за запишување студенти на прв циклус студии на студиските програми на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во учебната 2026/2027 година и член 9 од Упатството за реализација на Конкурсот за запишување студенти на прв циклус студии во учебната 2026/2027 година, Конкурсната комисија за упис на студенти на прв циклус на студии во учебната 2026/2027 година при Правниот факултет „Јустинијан Први“ Скопје, а по однос на Приговорот поднесен од кандидат со приемен број 133724 го донесе следново

РЕШЕНИЕ

Се УСВОЈУВА Приговорот со бр.09-982/18 од 25.8.2026, поднесен од кандидат пријавен на првиот уписен рок на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје со приемен број 133724.

**Образложение:**

Комисијата изврши увид во примената документација и констатираше дека приговорот е основан.

По извршената корекција во пријавата, кандидатката се пријавува со завршено средно образование со Меѓународна матура (IB), и се рангира согласно остварениот успех од средно образование на Конечната ранг листа за упис на Правни студии – приватна квота.

**Правна поука:**

Решението на Конкурсната комисија за упис на студенти на прв циклус на студии во учебната 2026/2027 година е конечно. Против ова Решение, незадоволната страна може да поднесе тужба до Управниот суд, во рок од 30 дена од објавувањето.

27.8.2026 Претседател на Конкурсна комисија

Проф. д-р Есин Кранли Бајрам